# З А П И С Н И К
## од 11- тата редовна седница на Советот на Општина Валандово
## одржана на 29.06.2026 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.оо часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа 14 членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Отсутна беше советничката Верица Зајкова Стојанова.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и се емитуваше во живо.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова за 11-тата редовна седница го предложи следниот:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д:

1. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година;
2. Предлог - План за измена и дополнување на планот на програмите за развој на Општина Валандово;
3. Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош за лекување на Мираџ Мемедов од с.Дедели, Општина Валандово;
4. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис” Валандово за набавка на контејнери за собирање на смет;
5. Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2027 година;
6. Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси;
7. Предлог – Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2026/2027 година;
8. Предлог – Одлука за разрешување на Училишен одбор во ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово;
9. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово;
10. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
11. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
12. Предлог – Одлука за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

13. Предлог – Одлука за финансиска поддршка на Здружение на граѓани за развивање и организација на 3х3 Баскет спортот ГГ 3х3 Баскет Валандово за реализација на спортска манифестација ,,Валандовски спортски игри,,

14. Предлог – Одлука за финансиска поддршка на КФМ ,,ПРОЕКТ,, за реализација на спортска манифестација ,,Спортски игри Јосифовско лето 2026,, .

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред и истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година образложение имаше претставник од администрацијата на Општина Валандово Славица Тајтаева, вработена во одделението за финансии.

Градоначалникот даде образложение дека овој ребаланс се прави за да ни донесе развој. Предвидено е зголемување на капиталните инвестиции за 11%. За патишта и улици средства во износ од 9 000 000 денари за населените места Казандол, Пирава, Јосифово, јавно осветлување во Удово, рефлектори во Пирава и Валандово на спортските терени, изградба на греење и ладење во кино салата, капитални инвестиции во основното образование во износ од 1 300 000 денари, за влез од задната страна и паркинг за возилата кои ги носат учениците во ООУ,,Јосип Броз Тито,, Валандово. Инвентар за ПУ,,Даме Груев,, с. Брајковци,опремување на училница за целодневна настава во просторот на училишната кујна, изградбата на парк и паркинг позади зградата кај Жито маркет,поставување на трибини на градскиот страдион со 2 300 столчиња донација од ФФМ, завршува реконструкцијата на на училиштето во с.Брајковци. Од денес започнува бетонирањето на улица во с. Кочули,завршено е во Башибос, а ќе се започне и во Раброво.Остатокот на средствата и нови 7 800 000 ќе се прави асфалтирање на нови улици. Ќе се прави водоводна мрежа во Калково, а и реконструкција на Општината и 25 ти Мај, реконструкција на ЈП,, Комунален сервис,, и друго.

Беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог - План за измена и дополнување на планот на програмите за развој на Општина Валандово повторно образложение имаше Славица Тајтаева. Рече дека ова е составен дел на Буџетот кој е донесен, а сега има само дополнување.

Градоначалникот даде образложение дека се крати 10 000 000 за изградба на проекти заради реализација и остварување на буџетот. Рече дека во 2026 гофина и 2027 година секое населено место треба да добие нова патна инфраструктура ,а дали со бетон или со асфалт, ќе се прави како каде ќе дозволи теренот. Населените места Марвинци, Раброво и Собри, Пирава и Брајковци ќе бидат во целост завршени. Во Грчиште ќе се работи подоцна, откако ќе се промени водоводната мрежа. Казандол ќе биде во целост завршено. Ќе се прави проширување на регионалниот пат до Чалакли и Калково.

Претседателката на Советот додаде дека секаде се  работи со полна пареа, за доброто на сите граѓани на Општина Валандово.

Немаше други пријавено за дискусија, па  Предлог - План за измена и дополнување на планот на програмите за развој на Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош за лекување на Мираџ Мемедов од с.Дедели, Општина Валандово во износ од 60 000 денари, немаше  пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлуката  за одобрување на финансиски  средства на ЈП „Комунален сервис" Валандово за набавка на контејнери за собирање на смет беше отворена расправа.

За збор се јави Ерсан Фетиков. Апелираше до граѓаните да не се формираат диви депонии,бидејќи сметот се собира редовно. Има граѓани кои не се совесни и фрлаат насекаде, но и инспекторите треба да бидат почесто на терен и да казнуваат.

Градоначалникот рече дека во целост се согласува со констатацијата на советникот Ерсан Фетиков. Рече дека ќе се направи се, за справување на проблемот со диви депонии во сите 10 општини. Ќе има сериозни инвестиции, ќе се добие нов камион за отпад, ќе се монтираат 50 нови контејнери и со тоа дивите депонии ќе се намалат.

ТОЧКА 5

По Годишниот план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2027 година немаше  пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлука за измена и дополнување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси  образложение даде градоначалникот. Рече дека сега се менува висината на комуналната такса за користење на јавен простор, од  8 денари во градот и 5 дена во населените места.

Ерсан Фетиков праша дали со оваа одлука е опфатен пазарот или само рестораните и кафулињата.

Градоначалникот одговори дека со градскиот пазар  стопанисува ЈП,,Комунален сервис,,  и за тоа си има ценовник за користење од ден или годишно.

Немаше други пријавено за дискусија, па  точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово и ООУ„Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2026/2027 година образложение даде Стефан Димитров.

Ерсан Фетиков рече дека  праксата на терен покажува друго. Цената се плаќа по ученик, а децата се соочуваат со проблем, се плаќа за 33 деца , а се праќа едно комбе , кое вози 18 деца или 2 комбиња по 8 души.

Градоначалникот рече дека забелешките се на место. Многу години од страна на превозниците се злоупотребува. Со оваа одлука се определува само максималната висина. Се размислува за распишување на постапка за заеднички превоз за учениците од страна на Општината. Рече дека безбедноста на учениците е на прво место, затоа мора да има безбедни возила и возила со доволен капацитет.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлуката за разрешување на Училишен одбор во ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово Мартин Мишков даде појаснување.

Тања Атанасова апелираше инспекциските служби да си вршат надзор во сите училишта и доколку има неправилности, да се превземат мерки.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово за еден час , во деновите за време на Петровденските празнувања, на 10-ти и 11-ти јули.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис" Валандово немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлуката за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово Мартин Мишков како претседател на Комисијата за мандатни прашање даде образложение. Рече дека на Комисијата беа предложени Илија Матеев за претседател, Анита Трајкова за заменик претседател, Елена Фидански за член и Александар Коцев за заменик член.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлуката за финансиска поддршка на Здружение на граѓани за развивање и организација на 3х3 Баскет спортот ГГ 3х3 Баскет Валандово за реализација на спортска манифестација ,,Валандовски спортски игри,, во износ од 120 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлуката за финансиска поддршка на КФМ ,,ПРОЕКТ,, за реализација на спортска манифестација ,,Спортски игри Јосифовско лето 2026,, во износ од 120 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Со ова дневниот ред беше исцрпен. Пред да се затвори седницата Претседателката на Советот Марија Чурлинова го отвори делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

1. Ерсан Фетиков

Се изврши исплата на невремето за 2024 и 2025 година, а тие што добија средства на нивните сметка, не знаат дали е шега или вистина, по 800, 500,200 денари. Граѓаните потрошија повеќе за да дојдат и да пријават.

Градоначалникот даде одговор дека претходната Комисија за штети од елементарни непогоди направила проценка и Владата донела одлука да се исплати 5% од проценетата штета. Сега, на 24 ти јуни ново невреме го зафати атарот на селата Јосифово и Калково и затоа ќе се распише нов повик, по кој ќе се врши строга контрола, од 3 тима.

Ерсан Фетиков рече дека ја поддржува идејата за поголема контрола, а Владата што го усвоила процентот од 5% не е во ред.Нека дојде и нека види каква е состојбата на терен.

Градоначалникот додаде дека за тоа постојат осигурителните компании, постојат и мрежи за заштита од град, а Владата одобрува според можностите.

Немаше други советнички прашања и седницата беше затворена.

Записничар:
Соња Христова Јовановиќ

Претседател на Совет на
Општина Валандово
Марија Чурлинова